Australian Government | Be Connected
Every Australian online.

# Користење на глувчето

**Ајде да го користиме глувчето за да го контролираме компјутерот и да следиме што се случува на екранот.**

## Основно за глувчето



Глувче со лево и десно копче, со тркало за пребарување меѓу нив

Еве неколку корисни совети во врска со глувчето.

- Мнозинството глувчиња имаат лево и десно копче, со тркало за пребарување (scroll wheel) меѓу нив.
- Кога одбирате документи, го притискате левото копче.
- Некои постари типови на глувчиња одоздола имаат топче и, за да се користат правилно, за глувчето е потребна простирка (mouse mat).
- Наместо топче, поновите типови на глувчиња користат црвена светлина. На нив обично не им е потребна простирка.
- Некои глувчиња се безжични, па не треба со кабел да бидат поврзани со компјутерот.

**Држете го глувчето на безбеден начин за да не ги напрегате рачниот зглоб, раката или рамото.**

- Ставете го глувчето таму каде што можете да го досегнете без протегање, раката држете ја блиску, свиткана во лактот.
- Потпрете го рачниот зглоб на масата или на простирката за глувче.
- Ставете ја дланката врз глувчето.
- Држете го глувчето помеѓу палецот и двата крајни прсти.
- Ставете го показалецот (без притискање) на левото копче, а средниот прст (без притискање) на десното копче.
- Подесете ја височината на столот така што рачниот зглоб да лежи право.

**Вие го движите глувчето за да го движите покажувачот (cursor) на екранот. Покажувачот го менува обликот за различни функции.**

- Негов нормален облик е стрелка.
- Стрелката се претвора во рака со испружен показалец кога е врз некоја врска (link) на интернет страницата.
- Покажувачот се претвора во тенка вертикална линија кога е на местото каде пишувате.



Покажувач стрелка



Покажувач прст



Покажувач на текст

# Користење на глувчето

**Нештата на екранот ги одбирате со кликнување на нив со копчето на глувчето.**

- Ставете го покажувачот на нешто на екранот и притиснете го левото копче.
- Тоа нешто ќе ја смени бојата и ќе изгледа поинаку. Тоа се вика нагласување (highlighting).
- Држете го притиснато копчето **Ctrl** и кликнете на нешто друго. И тоа ќе стане нагласено. Така може да одберете повеќе работи.

## Користење на глувчето: „клик" факторот

**Со едно кликнување се избира една работа. Користете го левото копче на глувчето за да одберете нешта во обрасци (формулари).**

- Во анкети и обрасци се користат „радио копчиња" (radio buttons) и „квадрати за одбележување" (check boxes).
- Кликнете на некој квадрат или копче за да го одберете.
- Тоа ќе го исполни со точка или „тик" (v).




**Фукции „лево кликнување" и „десно кликнување"**

**Со левото копче на глувчето кликнете двапати на нешто за да го отворите.**

- Ставете го покажувачот врз тоа нешто и притиснете го левото копче двапати, брзо еднополугрво.
- Нештото ќе се отвори.

**Десното копче е различно.**

- Ставете го покажувачот врз нешто и кликнете со десното копче.
- Обично, близу покажувачот, на екранот ќе се појави листа (menu).
- Што ќе се покаже зависи од тоа врз што сте кликнале.

# Користење на глувчето

## Користење на глувчето: пребарување (scrolling)

Меѓу двете копчиња на глувчето е **тркалото за пребарување** (scroll wheel). Пребарување (scrolling) е кога целиот документ оди нагоре и надолу на екранот, за да можете да видите разни негови делови.

- Ставете го покажувачот на некоја интернет страница или документ кој е подолг од должината на екранот.
- Движете го тркалото нагоре за да ја движите страницата нагоре.
- Движете го тркалото во обратна насока за да ја движите страницата надолу.
- Може да ја користите алатката Scroll bar која е на десната страна од страницата.
- Кликнете со глувчето врз стрелката на врвот или на дното на страницата, за да ја поместувате бавно.
- Држете го притиснато копчето на глувчето во правоаголникот внатре во Scroll bar, за побрзо да ја поместувате страницата нагоре или надолу. Тоа е корисно за работа со долги документи.



Ова е touchpad

Лаптопот обично има **touchpad** наместо глувче.

- Ставете два прста собрани заедно врз touchpad и лизгајте ги нагоре и надолу.
- Документот ќе се движи исто како што се лизгаат вашите прсти.